**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Сто и десеттата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 4 јули 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата да почнеме со работа.

Ве молам, денеска имаме доволно расчистени работи каде е заклучен претресот. Денеска ќе гласаме, треба да се собереме некој продукт да исфрлиме, а не само да расправаме овде. Нешто мора да се објави во "Службен весник", па да важи. Затоа денеска гласаме.

Ве молам, имаме доста закони по сме го заклучиле претресот. Сега ќе одиме само на гласање. Денеска, додека не ги минеме сите тие по кои сме го заклучиле претресот, нема да отвораме претрес ни по една точка, инаку нема крај.

Продолжуваме со работа по Сто и десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Ханџиски и Слободан Даневски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата на Собранието.

Точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за девизно работење.

Ве молам, да гласаме. Пред да го спроведеме гласањето за збор се јави г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Сакам да кажам како ќе гласам по заклучокот. Почитуван претседател, колеги пратеници, сакам да го искажам ставот на Парламентарната група на СДСМ дека ќе се изјасни против донесување на овој закон, бидејќи се потврдуваат нашите ставови и антикорупциското законодавство што се изгласа дека со овој закон се воведуваат пералници за пари. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници од кои 50 гласале за, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 16 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници од кои 52 гласале за, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 16 пратеници.

Со претресот понатаму ќе продолжиме после, наредниот пат.

(Седницата прекина во 13,40 часот).

По прекинот на 109 седница, Србранието продолжи да работи по 110-та седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандмани на член 1 за менување на став 3, член 2 и член 4 и за менување на член 6, по кои Владата не се прризнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 и член 4 поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6 поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 51 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, и против гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење.

Сега мораме да се вратиме на 109 седница.

(Седница прекина со работа во 14,10 часот)